Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 04-1323/3
23.11.2007 год.
Скопје

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ) ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМИ, МЕЃУНАРОДНИ ПОЛИТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ, МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ И ИСТОРИЈА НА ДИПЛОМАТИЈА, МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО, МЕЃУНАРОДНА БЕЗБЕДНОСТ И ПРАВОТО И МИРОТ НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, донесена на XVI редовна седница одржана на 14. XI 2007 година, определени сме за членови на Комисијата за избор на наставник во научните области (дисциплини) Политички системи, Меѓународни политички организации, Меѓународни односи и историја на дипломатија, Меѓународно јавно право, Меѓународна безбедност и Правото и мирот.

Врз основа на проучување на документацијата приложена во текот на конкурсната постапка, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Трајан Гоцевски, проф. д-р Светомир Шкариќ и проф. д-р Ило Трајковски има чест до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за избор на наставник во научните области (дисциплини) Политички системи, Меѓународни политички организации, Меѓународни односи и историја на дипломатија, Меѓународно јавно право, Меѓународна безбедност и Правото и мирот, објавен во *Утрински весник* на 31. X 2007 година се пријави проф. д-р Билјана Ванковска, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје.

### I Биографски податоци

Д-р Билјана Ванковска е родена на 14.XI 1959 година во Скопје. Основното и средното образование ги завршила во Скопје, со континуиран одличен успех, како првенец на генерацијата. На Правниот факултет во Скопје се запишува во учебната 1978/79 година. Студиите (политичко-управна насока) ги завршува за 3,5 години, со просечен успех од 9,20.

Во учебната 1982/83 година се запишала на постдипломски студии на Правниот факултет во Скопје - насока на политички и политичко-правни науки, група за општествено-политички систем, кои ги завршила во предвидениот рок и со одличен успех. Магистерскиот труд на тема *Општествено-политичкиот систем и неговата одбранбена функција (со посебен осврт на нејзината институционализација во општината)* го одбранила на 11.XI 1988 година на Правниот факултет во Скопје.

Со академскиот степен доктор на правни науки кандидатката се здобила со одбрана на докторската дисертација *Улогата на вооружените сили во политичкиот систем* на Правниот факултет во Скопје на 22.X 1992 година.

## II Професионално и наставничко искуство

Професионалната кариера д-р Билјана Ванковска ја започнала како приправник во Општинскиот суд Скопје I – Скопје, каде е вработена во периодот од 1982-83 година. Во ноември 1983 година се вработува како помлад асистент на Филозофскиот факултет, каде ги минува сите скалила на академски и наставно-научен развој, сé до звањето редовен професор. Во текот на наставничката кариера на додипломските студии проф. таа ги предавала предметите Политички систем со основи на човекови права и Одбранбено право, а по воведувањето на кредит-трансфер системот и реформата на наставната програма на Институтот за одбранбени и мировни студии од 2004 година ги предава предметите: Политички систем, Европски политички институции, Правото и мирот, Меѓународно право на вооружени конфликти, Меѓународни односи и Меѓународна безбедност. Освен тоа, таа предава и на Институтот за социологија (Политички систем, Европски политички институции и Меѓународни организации). Покрај вршењето на основните работни задачи на додипломските студии, таа е ангажирана и на постдипломските студии во обласа на европските, мировните, безбедносните и одбранбените студии. ни студии. Заменик раководител е на Институтот за одбранбени и мировни студии, а во периодот 2000-2001 година беше и раководител на истиот. Учествува како наставник-гостин на Воената Академија "Михајло Апостолски".

Проф. Ванковска била ментор и член во комисии за оценка и одбрана на повеќе магистерски и докторски тези на Институтот за одбранбени и мировни студии и на Институтот за социологија. Освен тоа, таа била ментор и член во комисии за оценка на неколку магистерски тези на Европскиот мировен универзитет (European Peace University) во Штадшлајнинг, како и на член на една комисија за оценка на докторска дисертација на Deakin University, Victoria, Австралија. Моментално е член/ко-ментор во Белградската школа за безбедносни студии.

Освен наставно-научната дејност на сопствениот Универзитет, д-р Ванковска е професор на Европскиот мировен универзитет во Штадшлајнинг, Австрија. Во периодот од 1998 година до денес таа била визитинг професор на неколку универзитети во САД (Универзитетот на Мисури-Колумбија, Универзитетот на Минесота, Колгејт Универзитетот, Кирксвил Универзитетот, итн.), како и на Универзитетот во Брадфорд (Велика Британија), а била и постар научен истражувач-гостин (Guest Senior Research Fellow) на проекти на COPRI, Copenhagen Peace Research Institute во Данска. Држела предавања и на Џорџ Маршал Центарот за безбедносни студии во Гармиш-Партенкирхен. Во периодот јули 2001-јуни 2002 д-р Ванковска беше на студиски престој во Женевскиот Центар за демократска контрола над вооружените сили, каде во

својство на Senior Fellow ја координираше работата на Работната Група за правните аспекти на демократската контрола над вооружените сили.

Д-р Ванковска има извонредно развиена соработка и со неколку универзитети од потесниот регион, и гостувала со предавања на Факултетот за политички науки во Загреб, на Факултетот за политички науки во Белград, Алтернативниот Отворен Универзитет во Белград, Дипломатската академија во Белград и Универзитетот во Љубљана.

Таа е чест гостин и предавач на меѓународни летни школи, семинари и работилници во повеќе земји на Европа, а зад себе има учество на повеќе од 100-тина научни собири. Д-р Ванковска активно членува во неколку реномирани меѓународни научни здруженија, како Здружението за меѓународни студии (International Study Association – ISA) од 1997 година; Меѓународното здружение за мировни истражувања (International Peace Research Association – IPRA) и Европското здружение за мировни истражувања (EuPRA) од 1997, каде беше член на Извршниот борд во еден мандат (до 2006 година); Меѓународното здружение за политички науки (International Political Science Association – IPSA), во кое имаше функција на член на Извршниот одбор на Истражувачкиот комитет за вооружените сили и општеството, од 1996-2004 година. Ванковска е меѓународен советник на Шведската фондација TFF (Transnational Foundation for Peace and Future Research) од Лунд и член на меѓународниот борд на Balkan Peace Network на Универзитетот на Отава (Канада), како и член на мировната мрежа TRANSCEND. Таа е член на уредувачките совети на списанијата Human Security Issues (Белград) и Меѓународни проблеми (Белград), и на меѓународното списание *Journal of International Relations and Development* (Palgrave, UK). Од 1998 година до денес таа е номинатор на престижната мировна награда Seoul Peace Prize, која се доделува секоја година за постигања во градењето на мирот во светот.

Во текот на 1996-97 година д-р Ванковска била член на Меѓуминистерската работна и експертска група, основана од Владата на Република Македонија, и учествувала во изготвувањето на Извештајот за компатибилноста на македонскиот правен систем со Европската конвенција за човековите права и основни слободи. Во повеќе наврати била поканета како експерт на расправите по одредени законски и други проекти во парламентарните комисии на Собранието на РМ и други работни групи во државните институции.

Во последните неколку години проф. Ванковска се издвојува со својот изграден профил на јавно ангажиран интелектуалец и креатор на јавното мислење, преку настапи во медиумите, како и анализи по актуелни настани, во Македонија и во странство. Член е на Одборот за доделување на наградата "13 Ноември". Во периодот од 2004/2005 година била потпретседател на Граѓанското движење на Македонија. Во периодот 2005/2006 година била член на Бордот на Македонскиот хелсиншки комитет за човекови права. Зад себе има бројни учества во научни проекти и проекти во невладиниот сектор. Учествувала како експерт во изготвувањето на Извештајот за рано предупредување на UNDP (делот за јавна и лична безбедност) во ноември 2004 година.

## III Научна и истражувачка работа од првиот избор во звањето редовен професор до денес

Во рамките на својот научен ангажман, д-р Ванковска покрај редовната наставна работа, континуирано објавува свои трудови во научната и стручната јавност, во кои на суптилен и критичко-аналитички начин ги соопштува своите стручни и теориски погледи за проблеми кои спаѓаат во доменот на нејзиниот научен интерес. Во текот на својата кариера, таа има објавено преку 100 научни труда, од кои најголем број се на англиски јазик и објавени во меѓународни публикации. Во овој реферат ги изложуваме само трудовите публикувани во периодот 2003-2007 година, односно од првиот избор во звањето редовен професор до денес:

***Книги:***

1. *Политички систем*, Скопје: Бомат Графикс, 2007 (308 стр.)
2. *Есеи за мирот и демократијата: напад врз тишината*, Скопје: Филозофски факултет, 2007 (220 стр.)
3. *Соочување со минатото: Зошто и како да се стори тоа?*, (едитор), Скопје: Евро Балкан Прес, 2005 (184)
4. *Тековни перспективи во Македонија: Напори за мир, демократија и безбедност*, Скопје: ФИОМ, 2004 (78 стр.)

***Поглавја во книги:***

5. "An Exemplary 'Division of Labor' or Just Another Myth About Equality? A Gender Perspective On the Disarmament Process in Macedonia" in Vanessa Farr and Albrecht Schnabel (eds.), *Gender Perspectives on SALW*, (Tokyo: UNU Press, 2007)
6. "Ethnicity and Sovereignty: The Macedonian State Strength Dilemma" in Lynne Alice (ed), *Ethnocentrism, Minority Rights and Civil Society in the Balkans,* Peter Lang Publishers, 2007 (во печат)
7. "The Role of the Ohrid Framework Agreement and the Peace Process in Macedonia" in: Stefano Bianchini et al (eds.), *Regional Cooperation, Peace Enforcement, and the Role of the Treaties in the Balkans*, (Ravenna: Longo Editore Ravenna, 2007)
8. "State-Building Dilemma in Macedonia" in *Dialogues: From International Intervention to National/Local Ownership*, (Friedrich Ebert Stiftung, 2006): 68-88
9. "Western Approaches to Civil Society Empowerment and Lessons Learnt from the Balkans". In: Marina Caparini, Philipp Fluri, Ferenc Molnar (Eds.), *Civil Society and the Security Sector: Concepts and Practices in New Democracies,* (Berlin and Münster: LIT-Verlag, 2006)
10. "Ethnic-Military Relations in Macedonia" in Albrecht Schnabel and Hans-Georg Ehrhart (eds.) *Security Sector Reform and Post-Conflict Peacebuilding*, (Tokyo: UNU Press, 2005)
11. "Соочување со минатото во Македонија: Уште еден предизвик на пост-конфликтната рехабилитација или не?" во: Билјана Ванковска (ед.), *Соочување со минатото: Зошто и како да се стори тоа?*, (Скопје: Евро Балкан Прес, 2005)

12. "Национална и/или хумана безбедност" во *Зборник на трудови: Перспективите на РМ на патот кон НАТО и ЕУ,* Скопје: Филозофски факултет, 2005
13. "Lustration in the Western Balkans: The Case from the Republic of Macedonia" in Magarditsch Hatschikjan (ed.), *Past and Present: Consequences for Democratisation,* (Thessaloniki: CDRSEE, 2004)
14. "Women's Inclusion into Peacebuilding Process in Macedonia". In Marie Vlachova and Lea Biason (eds.) *Women in an Insecure World: A Handbook on Violence Against Women,* (Geneva: DCAF in SRO Kundig, 2005)
15. "The Military-Society Relations in a Conflict Milieu: Lessons Learnt from the Balkans" in Marie Vlachová and Ljubica Jelusic (eds.), *Military-Society Relations in Countries of Transition,* Baden-Baden: Nomos, 2004
16. "Разоружувањето и градењето на мирот во Makedonija", Лидија Георгиева (ед.), *Превенција на конфликти во Македонија: од идеја кон култура за превенција,* Скопје: Фридрих Еберт Штифтунг, 2004
17. "Macedonia between Globalization and Fragmentation: Security Aspects" in Natalija Nikolovska (ed.), *Macedonia on Globalization,* New York: Global Scholarly Publications, 2004
18. "Rule of Law and Democratic Control of Armed Forces in the Post-Cold War International Setting" in Hans Born, Karl Haltiner and Marijan Malesic (eds.), *Renaissance of Democratic Control of Armed Forces in Democratic Societies",* (Baden-Baden: NOMOS Verlag, 2004)
19. "Post-Conflict Dilemmas: Democracy and/or Peace" in *The Rule of Law, Security in the Region and Human Rights,* (Proceedings of the Regional Conference on Democracy and Human Rights), (Sarajevo: Heinrich Boell Foundation, 2004)
20. "The Impact of Conflict and Corruption on Macedonia's Civil-Military Relations" in Hans Born et all (eds.) *Democratic Governance of Civil-Military Relations in Europe: Learning from Crisis and Institutional Change,* (LIT Verlag, Berlin/Transaction Publishers, Brunswich, New Jersey, 2004)

***Рецензирани научни статии:***

21. "Теоријата на демократски мир: надворешно-политичка димензија", *Годишен зборник на Филозофскиот факултет,* Скопје, XXXII (2007)
22. "Демократијата и мирот како оспорени концепти", Современа македонска одбрана, вол. 7, бр. 15, јуни 2007
23. "The Human Security Doctrine for Europe: A View from Below", *International Peacekeeping,* 2007
24. "Хуманата безбедност: Меѓу науката и глобалната политика", *Годишен зборник на Филозофскиот факултет* , (Скопје), XXXI (2006)
25. "A Special Part of Europe: Nation, State and Religion Among Orthodox South Slavs" (co-authored with Haakan Wiberg), DIIS Working Papers, No. 15/2005
26. "Дилемите во реформата на безбедносниот сектор во пост-југословенските општества: Демократија и/или мир?", *Современа македонска одбрана,* вол. 5, бр. 12, декември 2005
27. "National vs. Human Security Perspectives in Macedonia: Dialogue of Deaf?", *Human Security (Belgrade),* vol. 2, No. 2, 2004, pp. 137-143
28. "*Рамковниот договор шест години потоа*" (во: *Дијалози за Македонија,* Кабинет на Претседателот на РМ, Скопје, 2007)

**IV Оценка и краток приказ на најважните трудови**

Од прегледот на приложените научни трудови се гледа широкиот научен дијапазон и интердисциплинарен пристап, кој зборува за зрелоста на авторката, која суверено и високо компетентно пишува за актуелни проблеми со кои се соочува современиот свет, а особено Република Македонија. Таквиот академски опус дава потврда дека наставната дејност во повеќе дејности не е случајна, туку е надополнета со истражувачка и творечка дејност. Фактот што поголемиот број трудови е објавен надвор од Република Македонија, ја зацврснува оценката на Рецензентската комисија дека станува збор за научен работник со солиден меѓународен углед и авторитет. Во интерес на ограничениот простор, во овој реферат се задржуваме на приказот на само неколку труда, кои евидентно го потврдуваат квалитетите на проф. Ванковска:

1) *Политички систем* претставува прв самостоен универзитетски учебник во Република Македонија, структуриран во шест развиени глави: за политиката и политичкиот систем; значење и модели на демократијата; институционални модели на демократијата; развој и профил на политичкиот систем на Република Македонија; Институционален дизајн на македонската демократија; човекови права). Ова е солиден научен труд во кој тесно се испреплетуваат општите теориски прашања за политичкиот систем и демократијата со политичкиот систем и демократијата на Република Македонија, како конкретен (емпириски) систем. Категоријалниот апарат е изложен прегледно, со можност студентите да ги користат општите категории како методолошко средство за проучување на политичката емпирија. Во пишување на овој труд проф. Ванковска користи повеќе од 100-тина библиографски единици од областа на политичката филозофија, политичките науки, уставното право и мировните студии.
2) *Тековни перспективи во Македонија: Напори за мир, демократија и безбедност* и *Соочување со минатото: Зошто и како да се стори тоа?* претставува книга, во која проф. Ванковска прави поширока анализа на конфликтот во Македонија, и тоа низ мултидимензионална призма на политиколошките, мировните и безбедносните истражувања. Првата верзија на книгата е напишана на англиски јазик (достапна на веб-страницата на Хаинрих Бел Фондацијата од Берлин), и претставува едно од најцитираните дела на наши автори. Книгата содржи четири дела: Дел I - Патот од 'оаза на мирот' до 'буре барут' на Балканот; Дел II - Демократија и/или мир: дилемата на Македонија; Дел III - Меѓународното посредништво во македонскиот конфликт - можности и ограничувања. Дел IV - Проблемите и изгледите на реформата на безбедносниот сектор - превенција на конфликтот и/или пост-конфликтна обнова на Македонија.
3) *Соочување со минатото во Македонија: уште еден предизвик на постконфликтна рехабилитација или не?* ( Едногодишен проект:

Справување со конфликтното минато - зошто и како да се стори тоа?). Во овој труд Ванковска ги анализира предизвиците на еден запоставен аспект на пост-конфликтниот период - на справувањето со конфликтното минато и помирувањето, како основа за траен мир. Вредноста на трудот лежи во следното: прв труд од оваа област на македонски јазик, анализа на проблемот низ видувањата на повеќе автори од Македонија, но и надополнето со превод на анализи на странски автори, а сето тоа заокружено со анализа на резултатите од проектот, чиј раководител била проф. Ванковска (со грант на ЕУ).

4) "Macedonia between Globalization and Fragmentation: Security Aspects" in Natalija Nikolovska (ed.), *Macedonia on Globalization:* Во трудот авторката се фокусира на концептот на глобализацијата, како еден од најконтроверзните и најпопуларни концепти на денешницата, но виден низ призмата на една мала држава и низ безбедносна димензија. Наспроти доминантното црно-бело гледање на глобализацијата, Ванковска го става во контекст на еден друг концепт (фрагментацијата) и тоа во нивното дијалектичко единство.
5) "Rule of Law and Democratic Control of Armed Forces in the post-Cold War International Setting" in Hans Born, Karl Haltiner and Marijan Malesic (eds.), *Renaissance of Democratic Control of Armed Forces in Democratic Societies* - Во ова поглавје од публикација објавена кај престижен издавач, Ванковска на најдобар начин ја демонстрира својата способност критички и луцидно да анализира современи случувања, да продре зад редефинирањето на теориските концепти на владеењето на правото и демократската контрола над т.н. интернационализирани вооружени сили (алијанси), како и да укаже на суштинските теориски и практични предизвици со кои се соочува современиот свет.
6) "The Human Security Doctrine for Europe: A View from Below", *International Peacekeeping*, 2007 - Ова е особено квалитетен научен труд објавен во едно од најпрестижните меѓународни научни списанија, а истовремено претставува еден од првите научни обиди на меѓународен план за критичка анализа на Доктрината за хумана безбедност на Европа. Трудот вкрстува неколку призми на гледање на концептот на хумана безбедност, како облик на био-политика, глобално управување и секуритизација на безбедноста на поединецот во меѓународните односи. Вредноста на трудот е во луцидната анализа на две тенденции: една која води кон милитаризација на европската безбедносна политика, а другата за растечкиот јаз меѓу светскиот центар и периферија. Ванковска, со право, укажува дека богатите земји имаат на располагање помоќни и поефикасни механизми за елиминација на хуманата небезбедност, особено преку евентуалната подготвеност за воспоставување на поправедна меѓународна трговија и систем на социјална правда наместо предлозите за post festum реакции со т.н. брзи сили за хумана безбедност.

7) "Теоријата на демократски мир: надворешно-политичка димензија", и "Демократијата и мирот како оспорени концепти", се статии кои претставуваат целина, две страни на еден ист концепт. Ова е доказ дека научната љубопитност и работа на Ванковска не се резултат на случаен избор, туку на обмислен пристап низ кој во македонската научна мисла се воведуваат значајни теориски проблеми, кои за земјата имаат и длабоко практично значење. Двете статии ќе послужат како сеопфатна теориска елаборација на еден од најпопуларните концепти на меѓународната безбедност, но не низ вообичаената апологетска призма, туку низ сериозен теориски дискурс за добрите и лошите страни на апликацијата на концептот, особено низ стратегијата за извоз на демократија во современи услови.

8) *Рамковниот договор шест години подоцна: крај на почетокот или кон нов почеток?* Во трудот се елаборира природата на Рамковниот договор, природата на политичкиот систем на пост-Охридска Македонија и меѓународното влијание врз донесувањето на Рамковниот договор и неговата еволуција. Трудот ја покажува суптилноста на мислата на Ванковска и нејзиното пошироко познавање на споредбените политичките системи кои ја практикуваат консоцијалната демократија. Овој труд претставува најдобра анализа на Рамковниот договор објавена на македонски јазик во последните шест одини од неговото донесување во 2001 година, преку која читачот може пообјективно да ја види фактичката состојба во која се наоѓа Република Македонија и неизвесноста во врска со натамошниот развиток на политичкиот систем на земјата. Во трудот особена вредност имаат нејзините оценки за карактеротна консоцијациската демократија како привремено решение за Република Македонија.

## V. Учество во меѓународни научно-истражувачки проекти

Во изминатите пет години д-р Ванковска учествувала во следните меѓународни научно-истражувачки проекти:

- 2006 (-2008) - New York Graduate Center, *Insiders' Perspectives on Post-Conflict Peacebuilding*, учесник
- 2005 - EIDHR micro-project, *Dealing with the Past: Why and How to Do It?*, лидер на проект
- 2004-2005, Freedom House, *Albania and Macedonia towards Sustainable Cooperation in Bilateral and Regional Confidence Building*, лидер на проект
- 2004, Regional Office for Civilian Peace Building, Swiss Embassy to Macedonia, *Post-Ohrid Macedonia: Towards Setting Genuine Peace-Building Agenda (Dealing with the past)*, International Expert Workshop, главен координатор
- 2003-2004, UN University and Swiss Peace, *Gender and Disarmament*, учесник во проектот

## VI. Учество на домашни научни собири и тркалезни маси

Покрај творечката научна работа, проф. Ванковска е чест учесник на огромен број меѓународни и домашни научни собири, на кои редовно презентира текстови или модерира дискусии. Во овој реферат наведуваме само неколку такви научни собири и тркалезни маси:

- *Глобализација, мир и безбедност*, Филозофски факултет, 18-19 октомври, 2007
- *Insiders' Perspectives on State-Building in Post-Conflict Societies*, NY Graduate Center, New York, 28 June - 2 July, 2007
- *Environmental and Human Security*, NATO Advanced Workshop, Newport, Rhode Island, 8-13 June, 2007
- *From International Intervention toNational/Local Ownership*, Friedrich Ebert Stiftung, Sarajevo, 9-11 November, 2006
- *European Perspectives of the Balkans*, Heinrich Boell Stiftung, Berlin, Germany, 6-7 July 2006
- *A Human Security Agenda for the EU*, London School of Economics and Finnish Ministry of Foreign Affairs, Helsinki, Finland, 24-25 May, 2006
- *Regional Cooperation, Peace-Enforcement and the Role of the Treaties in the Balkans*, University of Blogna, Forli, Italy, 20-21 January, 2006

**Заклучок**

Во периодот од изборот за редовен професор до ноември 2007 година, проф. Билјана Ванковска ги постигна следниве резултати на научен и педагошки план:

**Прво**, го прошири мултидисциплинарниот приод и ја продлабочи интердисциплинарноста во проучувањето на политолошките феномени. Мултидисциплинарниот приод се гледа од структурата на предметите што ги предава на додипломските и посдипломските студии: политички системи; меѓународни политички организации; меѓународните односи и историја на дипломатијата; меѓународното јавно право; меѓународната безбедност и правото и мирот. Интердисциплинарноста се гледа од поврзаноста на политолошкиот, правниот и безбедносниот аспект во третирањето на наведените дисциплини како заедничко подрачје.

**Второ**, проф. Ванковска оди и подалеку од наведените приоди. Таа се користи и со трансдисциплинарниот приод, како повисок облик на објаснување на поимите кои се застапени во повеќе научни дисциплини, користејќи се со трансценд метод својствен на мировните студии. Овој метод таа успешно го применува во научн- истражувачките проекти, реализирани во познатите меѓународни институти и центри за истражување на мирот и трансформацијата на конфликтите.

**Трето**, бројот на трудовите и нивниот квалитет недвосмислено водат кон заклучок дека се работи за плоден и креативен автор во областа на политичките науки и мировните студии. Во прилог на наведениот заклучок сведочат трудовите објавени на англиски јазик, особено оние публикувани во најпрестижните меѓународни списанија. Проф. Ванковска спаѓа во групата на

универзитетски професори со поголем број трудови објавени на странски јазици.

**Четврто**, трудовите на проф. Ванковска кореспондираат непосредно со желбите на студентите за повисок интелектуален и етички развој, како и со практичните проблеми со кои се соочува Република Македонија и меѓународната заедница на хуманитарен и безбедносен план. Таа е истовремено активна на научен и на јавен план, како во Република Македонија така и на бројни универзитети и научни здруженија ширум светот. И во тој поглед, таа е во потесната група на универзитетски професори со развиена комуникација на домашен и на меѓународен план.

**Петто,** за одбележување е и нејзината доследност во развојот на научната мисла, како и нејзината спремност да ги брани сопствените погледи пред пошироката јавност. Од нејзините трудови и настапи во јавноста може да се види дека таа тесно ја поврзува професијата универзитетски професор со етиката, од чии императиви не отстапува, наспроти притисоците од повеќе страни.

Рецензентска комисија со задоволство констатира дека проф. Ванковска е **ретко креативна личност** во областа на општествените науки. Во непосредна иднина, од нејзината научна работа може да се очекуваат уште резултати, со висок степен на синтеза на научните резултати и со поголем број објавени монографски дела.

Согласно Законот за високото образование (чл. 133, ст. 4), Рецензентската комисија со особено задоволство и чест му **предлага** на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да ја избере д-р Билјана Ванковска **повторно** во звањето во звањето **редовен професор** во научните области (дисциплини) Политички системи, Меѓународни политички организации, Меѓународни односи и историја на дипломатија, Меѓународно јавно право, Меѓународна безбедност и Правото и мирот.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**:

1. Проф. д-р Трајан Гоцевски

2. Проф. д-р Светомир Шкариќ

3. Проф. д-р Ило Трајковски

23 ноември 2007

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 04-1323/07
8.01 2008 год.
Скопје

Врз основа на член 75, 133 и 142 став 2 од Законот за високото образование, а согласно извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтен бр. 931/160 од 30.XI 2007 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XVII редовна седница, одржана на 26.XII 2007 година, донесе

# О Д Л У К А
## за избор на наставник

I

1. **Д-р Билјана Ванковска**, редовен професор по предметите политички систем на РМ со основи на човековите права и одбранбено право на Институтот за одбранбени и мировни студии на Филозофскиот факултет во Скопје, с е  и з б и р а во звањето **редовен професор** за научните области (дисциплини): политички системи, меѓународни политички организации, меѓународни односи и историја на дипломатија, меѓународно јавно право, меѓународна безбедност и правото и мирот.

2. На именуваната ѝ се продолжува работниот однос на неопределено време.

II

Со именуваната ќе се склучи договор за работа.

III

По еден примерок од одлуката да се достави на: именуваната, досието, Одделението за општи, правни, персонални и наставни работи и архивата на Факултетот.

Д Е К А Н
на Филозофскиот факултет
Проф. д-р Трајан Гоцевски